Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
Гоце Делчев
Бр. 01-481/2
31. 10. 2025 год.
Демир Хисар

Архивски знак: 0103
Рок на чување: трajeн
31. 10. 2025 г. Потпис

**ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ**

**<u>ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар, општина Демир Хисар</u>**

**за период од 2023 до 2025 година**



Октомври, 2025 година

# ИЗВЕШТАЈ

од самоевалуација на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар за период 2023-2025 година

Врз основа на Законот за основното образование „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25) Општинското основно училиште „Гоце Делчев“ Демир Хисар изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2023 до 2025 година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 14.08.2025 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав: Нашку Стојчевски (предметен наставник), Милена Најдовска (одделенски наставник), Жана Јосифоска (стручен соработник – педагог), Дејан Бошевски (стручен соработник – психолог), Зоран Стевановски (родител)

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот од месец октомври 2025 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| Подрачје | Членови на тимот |
|---|---|
| 1. Планирање, настава и учење | 1. Драгана Стефановска – одговорно лице<br>2. Анита Н. Ивановска<br>3. Анета Божиновска<br>4. Катерина Велевска<br>5. Маре Ѓорѓиовска<br>6. Татјана Кочовска<br>7. Ана Николовска Мицковска<br>8. Нашку Стојчевски<br>9. Ангела И. Бошевска<br>10. Игор Илијовски<br>11. Дијана Колонџоска<br>12. Бојан Велески |
| 2. Постигања на учениците | 1. Гордана Бојчевска – одговорно лице<br>2. Билјана Јошевска<br>3. Валентина Котевска<br>4. Виолета Балуловска<br>5. Наташа Коруновска<br>6. Емилија Ристеска<br>7. Маријана Ѓ. Поповска |

| | |
|---|---|
| | 8. Александар Богојевски<br>9. Данаил Стојановски<br>10. Стефан Гроздановски<br>11. Александра Шундовски |
| 3. Училишна клима и односи во училиштето | 1. Милена Најдовска – одговорно лице<br>2. Александра Јанкуловска<br>3. Никола Костовски<br>4. Елизабета Божиновска<br>5. Ирена Стевковска<br>6. Ленче Кокоровска<br>7. Љубомир Прчков<br>8. Тони Гештаковски<br>9. Весна Наумоска<br>10. Николче Стојковски<br>11. Билјана Митревска |
| 4. Управување и раководење | 1. Билјана Блажевска – одговорно лице<br>2. Весна Здравевска<br>3. Мимоза Цветановска<br>4. Роберт Филиповски<br>5. Аце Јанкуловски<br>6. Андријана Котевска<br>7. Васа Бошевска<br>8. Валентина Решњак<br>9. Андријана Петровска<br>10. Снешка Шулевска<br>11. Роберто Радески |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 30.10.2025 година беа образложени резултатите од работата на тимовите, силните и слабите страни, како и предложените приоритети кои треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

| **Подрачје 1: Планирање, настава и учење** |
|---|
| **Опис/резиме**<br><br>Во училиштето е воспоставен систем за планирање на наставата кој се усогласува со Годишната програма и Наставните планови. Наставниците најчесто подготвуваат детални подготовки и користат различни наставни методи и форми на работа за постигнување на целите од наставните програми. Се применува диференциран пристап во наставата, но потребно е понатамошно унапредување во индивидуализацијата и активното вклучување на учениците со послаб успех. Следењето и оценувањето на напредокот на учениците се врши редовно. Постои посветеност на креативни и современи пристапи во наставата, како и користење дигитални ресурси, но постои и простор за нивно поефикасно интегрирање.<br><br>Како приоритети за унапредување се издвојуваат: подобро планирање засновано на анализи на ученички постигања, посистемска поддршка за учениците со потешкотии, унапредување на соработката меѓу наставниците и зголемување на активната улога на учениците во процесот на учење. Потребата од посистематска **индивидуализација на наставата** и поголема поддршка на учениците со послаб успех е се повеќе присутна. Во исто време, напредните и талентирани ученици не се доволно опфатени со дополнителни активности и натпреварувачки форми. Наставниците покажуваат професионална одговорност, но е потребна **поголема стручна надградба** во областа на диференцирано учење, користење дигитални ресурси и современи наставни стратегии. Соработката меѓу наставниците постои, но треба да се интензивира преку тимска работа, размена на искуства и заедничко следење на напредокот на учениците. |
| **Силни страни**<br><br>▪ Наставата се реализира согласно Наставните програми и Годишниот план на училиштето.<br>▪ Наставниците редовно изработуваат квалитетна планска документација.<br>▪ Стандардите на наставата се усогласени со очекуваните исходи од учењето.<br>▪ Наставниците се професионално посветени и одговорни во реализацијата на часовите.<br>▪ Дел од наставниците применуваат активни и современи методи што поттикнуваат ученичка ангажираност.<br>▪ Се користат разновидни наставни средства и дигитални ресурси.<br>▪ Се следи и анализира напредокот на учениците преку различни форми на проверка.<br>▪ Наставниците соработуваат при планирање и реализација на активности и проекти.<br>▪ Постојана поддржувачка и мотивирачка училишна клима. |
| **Слаби страни**<br><br>• Недоволна вклученост на учениците со послаб успех во наставните и вонаставните активности.<br>• Недоволна индивидуализација на наставата според потребите на учениците.<br>• Недоволна употреба на дигитални алатки во наставата.<br>• Недоволно вклучување на учениците во самопроценка и вреднување. |
| **Приоритети**<br><br>• Поддршка и мотивација на учениците со послаб успех.<br>• Подобрување на индивидуализираниот пристап кон учениците. |

- Интеграција на дигитални технологии во наставниот процес.
- Примена на соодветни техники на критичко мислење.

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

**Опис/резиме**

Училиштето континуирано ги следи постигнувањата на учениците од различен пол, етничка припадност и по различни наставни предмети. Стручните соработници изготвуваат анализи и извештаи за успехот и поведението на учениците по завршувањето на класификациските периоди, исто така изготвуваат и споредбени анализи за успехот на учениците по предмети, паралелки и по пол за две години station наназад. Наставниот кадар и стручните соработници водат целосна и уредна евиденција за напредокот, постигнувањата, редовноста и поведението на учениците, како и за нивниот социјален, емоционален и интелектуален развој.

Инклузивниот тим подготвува ИОП и модифицирана наставна програма за ученикот со попреченост согласно со неговите индивидуални потенцијали и потреби, дава поддршка за креирање училишна политика за оценувањето односно се промовира оценување што го поттикува ученикот за максимални постигања согласно неговите можности. Училишниот тим за инклузија исто така се залага за формативно оценување при што наставниците континуирано го следат напредокот на учениците што им овозможува навремено да го идентификуваат напредокот и евентуалните тешкотии во учењето и преземат соодветни мерки, се користат методи и инструменти што на секој ученик му овозможуваат на најдобар начин да ги искаже своите постигања. Наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и однесувањето, како и за интелектуалниот, социјалниот и емоционалниот развој на учениците со ИОП програма. Во работа со учениците кои наставата ја следат по ИОП или модифицирана програма постојат тешкотии поврзани со користењето на асистивна техологија. Имено училиштето не располага со потребни средства и материјали кои би биле во насока на подобро совладување на одредени содржини односно вештини за овие ученици.

Во воспитно образовната работа се прави идентификација на ученици кои имаат потреба од посебен пристап во работата, односно за учениците кои имаат тешкотии во наставата се изготвува програма за работа со истите при што се прави диференцијација на задачите и активностите. Наставниците чувствуваат потреба од дополнителна поддршка во идентификувањето на учениците кои имаат тешкотии во учењето , односно кај учениците кај кои постои значителна разлика меѓу постигнувањата и нивните интелектуални способности во една или повеќе области /усно изразување, слушање со разбирање, писмено изразување, читање со разбирање, математичко расудување.../

Во текот на изминатите години со Тимот на надарени и талентирани ученици беа реализирани работилници на тема: „Надворешните фактори како поттикнувачи на мисловниот процес кај учениците“, работилници наменети за развивање и негување на талентот и надареноста на учениците. Исто така беше изработен проект насловен како: „ Географска разместеност на вегетацијата во нашиот крај “. Учениците со високи способности, односно надарените и талентираните ученици во секојдневната воспитно образовна работа претставуваат вистински предизвик за наставниците. Имено постојат одредени потешкотии во нивното откривање и препознавање, односно се чувствува потреба од дополнителна поддршка по однос на работата со нив.

Училиштето редовно ги известува родителите/старателите за постигнувањата и напредокот на учениците. Следењето на постигањата на учениците е редовно и континуирано со споредбени анализи од едно во друго одделение во училиштето. Исто така известувањето на родителите за постигањата на учениците е континуиран процес и еден од најважните сегмети во работата на училиштето и наставниот процес. Родителите сметаат дека наставниците се грижливи за

своите ученици и постигнуваат максимален успех и во училиштето се работи квалитетно. Информирањето се реализира преку **редовни родителски**, **индивидуални разговори со наставниците**, евидентни листови како и преку **електронскиот дневник**, каде родителите имаат постојан увид во оценките, изостаноците и забелешките за своето дете.

Секој наставник има утврден **ден и час за средба со родителите**, а термините се јавно објавени на **огласната табла и на веб-страницата на училиштето**. Овој систем овозможува редовна и навремена комуникација помеѓу училиштето и родителите, со цел навремено информирање и поддршка на ученичкиот напредок.

Во нашето училиште – ООУ „Гоце Делчев" – Демир Хисар, во последните две учебни години не се евидентирани случаи каде ученик направил повеќе од десет неоправдани изостаноци. Овој податок може да се смета како резлутат на добра комуникација меѓу наставниците, стручната служба и родителите, како и редовната евиденција и навремена интервенција. Високото ниво на оправдани изостаноци укажува дека учениците генерално ја следат наставата редовно, но и дека постои доверба во процесот на известување и оправдување кај родителите.

Зголемувањето на неоправданите изостаноци, иако незначително е показател кој бара внимателно следење, со мали педагошки мерки, мотивациски активности и вклучување на родителите, возможна е веројатноста бројот да биде намален на изостаноци.

Дополнителната и додатната настава во нашето училиште се планира и реализира непречено и во одделенска и во предметна настава се со цел постојано подобрување на постигањата на учениците. Наставниците користат и употребуваат современи методи и техники на планирање и реализирање на наставата, користат различни ресурси,задачите и активностите се приспособуваат на индивидуалните потреби на учениците и.т.н.

**Силни страни**

- Соработка меѓу наставниците и стручните соработници во идентификација на потребите на учениците со цел подобрување на постигањата на учениците;
- Планирање и преземање конкретни активности за постојано подобрување на постигањата на учениците;
- Наградување и пофалба на учениците кои постигнале добри резултати;
- Активна вклученост на сите чинители, посебно инклузивниот тим во работата со учениците со посебни образовни потреби;
- Секојдневна континуирана поддршка на учениците со различен потенцијал и способности;
- Поддршка на учениците со потешкотии во учењето;
- Поддршка и мотивирање на надарените и талентираните ученици, овозможување учество на разни натпревари, манифестации и други форми на ученичко организирање;
- Редовна комуникација помеѓу наставниците и родителите, известување за напредокот на нивните деца;
- Достапност на наставниците, соработка и доверба меѓу родителите и наставниците;

**Слаби страни**

- Недоволна визуелизација во наставата за работа со учениците со попреченост;
- Недоволна оспособеност на наставниците за препознавање на индикаторите за идентификување на учениците со потешкотии и прилагодување на наставата кон нивните потреби;
- Недоволен степен на познавање на карактеристиките на надарените и талентирани ученици и работа со истите;

**Приоритети**

- Набавка на асистивна технологија за работа со учениците со попреченост;

- Организирање на интерни обуки за препознавање на учениците со потешкотии и диференцијација односно прилагодување на наставата и учењето кон нивните потреби и можности;
- Достапност на информации и примена на методи за идентификација на надарените и талентирани ученици и едукација за наменета на стратегии за работа со истите;

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

**Опис/резиме**

Нашето училиште се истакнува со висок квалитет на работа, кој се темели на континуирано усогласување со визијата и мисијата. Секојдневната практика е насочена кон професионален развој, создавање на позитивна, инклузивна и поддржувачка училишна клима. Училиштето активно поттикнува професионален дијалог и взаемно почитување меѓу наставниците, учениците и родителите. Учениците се чуствуваат безбедно и прифатено.

Педагошко-психолошката служба игра значајна улога во поддршката на учениците – активно соработува со наставниците и родителите за навремено справување со потешкотиите, овозможувајќи емоционална стабилност. Училишната заедница и парламент се активно вклучени во донесувањето одлуки и решавање на ученички прашања.

Мотивацијата кај учениците е висока – тие учествуваат во натпревари и различни активности освојуваат награди и признанија, што ја зголемуваат нивната посветеност и интерес за учење. Соработката со родителите е една од клучните предности на училиштето. Преку Советот на родители и Училишниот одбор, родителите се вклучени во носење на значајни одлуки. Учебниот процес е заснован на принципи на еднаквост и правичност, овозможувајќи фер услови за сите ученици.

Училиштето редовно ги промовира своите активности преку веб-страницата и fb - страницата, со што се обезбедува лесна и постојана достапност на информации за пошироката јавност.

Училиштето соработува со локалната заедница и културните установи и институции во општината. Соработката на училиштето со локалната средина има посебно значење, со единствена цел училиштето што повеќе да се доближи до локалната средина, да ја збогати, осовремени и актуелизира својата воспитно-образовна дејност, соработува со организации од областа на образованието, културни установи и институции, со Бирото за развој на образованието, Министерството за образование и наука и со други органи и организации. Учениците во училиштето се среќни и задоволни што се дел од ова училиште кое им овозможува да учат и да ги промовираат своите постигања. Во нашето училиште владее позитивна клима на учење и меѓусебна соработка и почит на сите кои се вклучени во воспитно – образовниот процес.

**Силни страни**

- Училишниот простор е безбеден за изведување настава и учениците се чувствуваат безбедно и сигурно;
- Училиштето води редовна грижа за здравјето на учениците;
- Во училиштето постои соработка меѓу стручната служба, наставникот и родителот;
- Позитивна и безбедна училишна клима;
- Еднакви можности за сите учениците во наставните и воннаставните активности без дискриминација;
- Отвореност на училиштето за соработка со локалната заедница;
- Промовирање и наградување на постигањата на учениците;

**Слаби страни**

- Недоволна вклученост на родителите во заеднички активности, едукации и работилници
- Недостапни информации за безбедност на храната што ја конзумираат учениците

- Не е развиена хигиената на многу добро – високо ниво
- Недоволна информираност на учениците со мерките за заштита и безбедност
- Неограден влезот на училиштето

**Приоритети**

- Вклученост на родителите во заеднички активности, едукации и работилници
- Обезбедување информации за квалитетот и безбедноста на храната што ја консумираат учениците
- Поголемо внимание и подобрување на хигиената во училиштето
- Организирање на активности согласно програмата за самозаштита и елементарни непогоди
- Поставување на рампа за влез и излез во училишниот двор

**Подрачје 4: Управување и раководење**

**Опис/резиме**

Во рамките на ова подрачје, училиштето покажува континуирано, ефикасно, транспарентно и современо управување, што овозможува поволна клима за учење, развој и професионален раст на сите вработени.

Раководството на училиштето работи одговорно, визионерски и транспарентно. Директорот и стручните соработници покажуваат способност за тимска работа и креирање на позитивна атмосфера во колективот. Во училиштето постојат јасно дефинирани одговорности и ефикасна комуникација со наставниците, учениците и родителите.

Училиштето рационално ги користи материјалните, човечките и финансиските ресурси. Се обезбедува правилна распределба на обврските, добро одржување на просторот и техничките средства, како и инклузивен пристап кон сите човечки ресурси. Постојано се настојува да се подобрат условите за работа и учење.

Наставниот процес се следи систематски преку редовна анализа, посета на часови и размена на добри практики. Се поттикнува активно учење, примена на иновативни методи и индивидуален пристап кон учениците. Резултатите од следењето се користат за унапредување на наставата и зголемување на квалитетот на образованието.

Училиштето има воспоставени јасни и транспарентни процедури за креирање политики, кои се усогласени со образовните стандарди. Процесот е инклузивен, ги вклучува наставниците, родителите и учениците. Се обезбедува демократски пристап и континуирано подобрување на интерни документи и стратегии.

Развојното планирање доведува до реални и видливи резултати во училиштето - добра организација и подобрени наставни постигнувања. Училиштето редовно ги следи индикаторите за успех, ги анализира постигнувањата и врз основа на тоа прави нови чекори за унапредување.

Буџетот во училиштето се планира внимателно и во согласност со приоритетите. Финансиските средства се користат одговорно, транспарентно и во насока на подобрување на условите за работа и учење. Постојат механизми за контрола и отчетност што придонесува за доверба и стабилност на работењето.

Училиштето функционира како добра организирана и динамична заедница, со јасна визија, тимска работа и посветеност на континуиран напредок. Сите процеси се насочени кон подобрување на квалитетот на наставата и општата благосостојба на учениците и кадарот.

**Силни страни**

- Активна и позитивна комуникација меѓу сите учесници во училиштето
- Поддршка и мотивирачко лидерство од страна на директорот
- Подобрени компетенции во работата на Училишниот одбор преку следење на обука за членовите и транспарентност во донесување одлуки
- Подобрена визуелизација на наставата преку набавка на наставни средства и технички помагала кои резултираат со зголемена интеракција и мотивација на учениците во наставниот процес
- Континуирано следење и унапредување на наставниот процес
- Тимски пристап кон донесување на одлуки (раководството ги вклучува наставниците во планирање на активности)
- Уредно водење на наставничко портфолио согласно Правилникот за водење на портфолио
- Целосна поддршка и менторирање на наставниците приправници и стручните соработници приправници согласно Закон за наставници и стручни соработници
- Транспарентно и планско управување со буџетот

**Слаби страни**

- Недостаток на потрошен материјал за наставни и воннаставни активности поради финансиски ограничувања
- Не е развиена соработка со поединци и компании за добивање на донации
- Недоволна вештачка осветленост на училишните простории
- Застареност на дел од училишниот инвентар и делумно оштетени подови во дел од училиштето

**Приоритети**

- Обезбедување на средства за потрошен материјал за наставни и воннаставни активности
- Развивање на соработка со поединци и компании за добивање на донации
- Подобрување на електричната инсталација во училишните простории
- Набавка на потребниот училишен инвентар и монтажа на подови во училници

**Резиме**

Самоевалуацијата за периодот 2023–2025 година покажува дека училиштето функционира успешно, организирано и насочено кон постојано унапредување на воспитно-образовниот процес. Наставата се реализира согласно програмите и планот на училиштето, со професионална посветеност на наставниците и примена на современи методи и дигитални ресурси.

Се негува соработка меѓу сите чинители во образовниот процес, со цел подобрување на ученичките постигања и обезбедување поддршка што одговара на индивидуалните потреби на секој ученик.

Училиштето обезбедува безбедна и поддржувачка средина со еднакви можности за сите, грижа за здравјето и активна соработка со локалната заедница. Работата се одвива преку отворена комуникација и тимска соработка, со одговорно и транспарентно управување со ресурсите и континуирано унапредување на наставниот процес.

Од идентификуваните слаби страни во работењето на училиштето издвоени се клучни приоритети кои ќе се реализираат со цел нивно надминување и дополнително подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес. Преку реализација на овие приоритети се очекува училиштето да функционира поефикасно и организирано, обезбедувајќи квалитетна поддршка и уште подобри услови за учење и развој на учениците.

**Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето**

*Подрачје 1: Планирање, настава и учење*

- Поддршка и мотивација на учениците со послаб успех.
- Подобрување на индивидуализираниот пристап кон учениците.
- Интеграција на дигитални технологии во наставниот процес.
- Примена на соодветни техники на критичко мислење.

*Подрачје 2: Постигања на учениците*

- Набавка на асистивна технологија за работа со учениците со попреченост;
- Организирање на интерни обуки за препознавање на учениците со потешкотии и диференцијација односно прилагодување на наставата и учењето кон нивните потреби и можности;
- Достапност на информации и примена на методи за идентификација на надарените и талентирани ученици и едукација за наменета на стратегии за работа со истите;

*Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето*

- Вклученост на родителите во заеднички активности, едукации и работилници
- Обезбедување информации за квалитетот и безбедноста на храната што ја консумираат учениците
- Поголемо внимание и подобрување на хигиената во училиштето
- Организирање на активности согласно програмата за самозаштита и елементарни непогоди
- Поставување на рампа за влез и излез во училишниот двор

*Подрачје 4: Управување и раководење*

- Обезбедување на средства за потрошен материјал за наставни и вонннаставни активности
- Развивање на соработка со поединци и компании за добивање на донации
- Подобрување на електричната инсталација во училишните простории
- Набавка на потребниот училишен инвентар и монтажа на подови во училници

Преку спроведување на овие предлог-мерки, училиштето ќе се стреми кон подобрување на квалитетот на работата и надминување на детектираните слабости во своето функционирање.

Претседател на Училишен одбор:

______________________

Јасмина Василеска Перчаковска

Комисија за спроведување на СЕУ:

______________________

Нашку Стојчевски – (предметен наставник)

______________________

Милена Најдовска –(одделенски наставник)

______________________

Жана Јосифоска – (стручен соработник-педагог)

______________________

Дејан Бошевски - (стручен соработник-психолог)

______________________

Зоран Стевановски – (родител)

Октомври, 2025